ДОКСИЦИКЛИН ХИКЛАТ

НОВИТЕТ ВО ТРЕТМАНОТ НА ПАРОДОНТАЛНА БОЛЕС



Александар Глигоровски / Михајло Петровски / Оливера Терзиева-Петровска / Марко Младеновски

Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, Северна Македонија

Во современата пародонтологија, доксициклин хиклатот завзема значајно место како дополнителна алатка во третманот на пародонталната болест. Целта на оваа презентација е да се направи приказ на еден современ медикамент во третманот на пародонталната болест - Доксициклин хиклат. Од фармаколошки аспект мора да се напомене дека овој медикамент се апсорбира во тенкото црево од каде што поминува во крвотокот. Понатаму преку циркулацијата минува во мекото и коскеното ткиво. Доксициклин хиклатот е достапен во форма на капсули од





Доксициклин хиклатот е достапен во форма на капсули од 20mg и се дозира двапати на ден. Доксициклин хиклатот доведува до супресија на активноста на колагеназата, посебно онаа продуцирана од страна на полиморфонуклеарните леукоцити. На тој начин ја намалува зголемената активност на колагеназа во гингивалната сулкусна течност кај пациенти со хронична пародонтопатија. Она што е најзначајно за овој лек е дека иако припаѓа во групата на антибиотици, тој во суштина не предизвикува антибиотски ефекти, доминантно поради тоа што дозата од 20mg двапати на ден е премногу ниска за да влијае на бактериите. Затоа, овој производ не треба да се користи за намалување на бројот или елиминирање

Како заклучок можеме да забележиме дека доксициклин хиклатот е индициран за употреба како дополнение на механичката обработка на пародонталните џебови коренот за да се промовира зголемување на нивото на атачемнт и да се намали длабочината на пародонталните џебови кај пациенти со хронична пародонтопатија.

